Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 04-1572/1
21.07.2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи (''Сл.весник на РМ'' бр. Службен весник на република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 75/25 и 124/25), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ( ''Сл.весник на РМ '' бр.5/2002), член 50 став 1 точка 9 од Статутот на општина Чешиново – Облешево (''Сл.гласник на општина Чешиново-Облешево'' бр.6/2015), Правилникот за систематизација за работните места во општина Чешиново-Облешево бр.01-1740/1 од 18.10.2023 година, бр.01-218/1 од 01.02.2024 година бр.01-218/4 од 12.07.2024 година бр.01-218/1 од 23.01.2025 година. Градоначалникот на општина Чешиново-Облешво на ден 21.07.2025 год., ја донесе следната

# О Д Л У К А

За избор на работник за вработување на неопределено работно време

1. Во врска со распишаниот Јавен оглас бр. 04-1469/1 од 04.07.2025 год., за вработување на неопределено работно време за работно место – Кафекувар 1 (еден) извршител е избран Мирјана Јакимова од с.Чешиново, со завршно основно образование.
2. Правата и обврските од работен однос помеѓу работникот и работодавачот ќе се уредат со Договор за вработување .
3. Платата на работникот за работното место на кое се назначува ќе биде определена со посебно решение.
4. Ова Одлука влегува во сила по нејзина конечност.

## О б р а з л о ж е н и е

Поради потреба од вработување на неопределено работно време за работно место – Кафекувар, Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево распиша јавен оглас бр. 04-1469/1 од 04.07.2025 год., кој беше објавен на ден 07.07.2025 година во дневните весници: Нова Македонија, Слободен печат и Коха

Комисијата за разгледување на на поднесените молби и документи по објавениот јавен оглас, формирана со Решение бр. 04-1488/1 на ден 07.07.2025 год., оддржа состанок, од кој е изготвен Записник бр. 04-1488/2 од 15.07.2025 год., во кој е констатирано дека за наведеното работно место се пријави кандидатот Мирјана Јакимова од с.Чешиново, кој во целост ги исполнување условите по огласот.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, а во смисла на член 22 од Законот за работни односи, член 50 став 1 точка 14 од законот за локална самоуправа, член 50 став1 точка 9 од Статутот на општина Чешиново-Облешево, Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација и Записник бр. 04-1488/2 од 15.07.2025 година, Градоначалникот донесе Одлука како во деспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Кандидатот кој не е задоволен од донесената Одлука има право на приговор до Градоначалникот на општината во рок од 8 дена од добивање на истата.

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Доставено до:
- Архива
- Досие
- Работник

Изготвил: Стефанија Димитриев
Контролирал: Анета Зашов